Машински факултет
Број 02-1871/1
27.09.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ број 82/2018), во врска со примената на студиските програми на прв циклус на студии кои се воведоа во учебната 2017/2018 година и роковите за завршување на студиите по студиските програми воведени во учебната 2012/2013 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 26-та редовна седница одржана на 27 септември 2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за примена на студиските програми од прв циклус студии кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година

1. Во Одлуката за примена на студиските програми од прв циклус студии кои се воведуваат во учебната 2017/2018 година број 02-1257/1 од 30.06.2017 год., точка 1. подточка 1.1. се менува и гласи:

„Четиригодишни студиски програми:
- 50% од прва година на студии (прв и втор семестар) до крајот на учебната 2016/2017 година;
- 100% од прва година на студии (прв и втор семестар) до крајот на учебната 2017/2018 година;
- 50% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2018/2019 година;
- 100% од втора година на студии (трети и четврти семестар) до крајот на учебната 2019/2020 година;
- 50% од трета година на студии (петти и шести семестар) до крајот на учебната 2020/2021 година.“

2. Во точка 2. подточка 2.1. алинеја 3 се менува и гласи:

„ во учебната 2019/2020 година ќе следат редовна настава за сите предмети од четврта година, а за заостанатите предмети од втора и трета година доколку има и заедно со активни соодветни - еквивалентни предмети од новите студиски програми, односно менторски доколку за заостанатите предмети нема еквиваленти“

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев